РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28-3/242/7 од 09.03.2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.32/2020), Општина Гази Баба, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Се известуваат сите заинтересирани граѓани, правните лица, државната управа,научните и стручните организации, дека Општина Гази Баба води постапка за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на објекти со намена - времен престој – викенд куќа на КП 2005 КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје.

Локалитетот се наоѓа на територија на Општина Гази Баба, југозападно од село Раштак.
Проектниот опфат ја зафаќа целосно КП 2005, КО Раштак.
Границата на проектниот опфат се движи како што следи:
- на **североисток** започнува од најсеверната точка 1, на пресекот на границите на КП 2001, КП 2002, КП 2003 и КП 2005, КО Раштак и се движи во југоисточен правец долж североисточната граница на КП 2005 со КП 2003 и КП 2004, сè до најисточната точка 2;
- на **југоисток** границата се движи во јужен правец долж границата на КП 2005 со КП 2569, КО Раштак, сè до најјужната точка 4;
- на **југозапад** границата се движи во североисточен правец долж границата на КП 2005 со КП 2006/1, сè до најзападната точка 6;
- на **северозапад** границата се движи во североисточен правец долж границата на КП 2005 со КП 2002, сè до почетната точка 1.

Границата на проектниот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка како што следи:

| **РЕД.БР.** | **Y** | **X** | |
|---|---|---|---|
| 1 | 7540455.8800 | 4659363.5700 | Најсеверна |
| 2 | 7540477.7500 | 4659341.9000 | |
| 3 | 7540500.6500 | 4659326.1600 | Најисточна |
| 4 | 7540493.1900 | 4659289.7700 | Најјужна |
| 5 | 7540464.1800 | 4659312.2000 | |
| 6 | 7540440.9700 | 4659331.5300 | Најзападна |

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **2046,09 m²**, односно **0,20 ha**.
Периметарот на проектниот опфат изнесува **197,94m'**.

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за изградба на објекти со намена - времен престој – викенд куќа на КП 2005 КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје, ќе биде објавен на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и изложен во просториите на Општина Гази Баба, барака 8, соба 73а, во рок од 15 дена и тоа почнувајќи од 15.03.2023 год. до 30.03.2023 год., секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот, во кој период може да се доставуваат евентуални забелешки преку анкетни листови.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења преку информациски систем е-урбанизам или архивата на Општина Гази Баба.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**

Изработил:
Катерина Велков, диа

Раководител на сектор,
Благица Блажевска, диа